Методија СОКОЛОСКИ

# ШТИП И ШТИПСКО ВО ТЕКОТ НА XVI ВЕК

Во првите децении од XVI век градот Штип бил седиште не само на нахија, најмала административно-териториjална единица, туку во исто време и седиште на каза или кадилак. Во 1519 година во Штипската каза биле опфатени следниве три нахии: — Штипската, Кочанска, и Нагоричанската (т.е. Кумановската). Штипската каза со трите приведени нахии била во склопот на Ќустендилскиот санџак. Санџаците во отоманската империја се административно-териториjални единици од повисок ранг, составени или поделени на повеќе нахии. Во текот на XV век па сè до околу 1563 година целата територија на Македонија, односно сите формирани нахии на територијата на Македонија биле во три санџаци: — Паша Санџакот, Охридскиот и Ќустендилскиот санџак. Паша Санџакот е најголем и називот го има добиено по тоа што седиштето на Румелискиот беглербег со титула „Паша", било во тој санџак. Во втората половина од XVI век се саздадени два нови санџака: — Скопскиот и Солунскиот, во чиишто состав се опфатени повеќе соседни нахии. Во 1519 година во склопот на Ќустендилскиот санџак, покрај Штипската каза, се опфатени уште: — Струмичката каза во чијшто состав биле покрај Струмичката нахија, уште и нахиите: — Малешево, Бојмија, Конче, Тиквеш и Петрич. Потем казата Илица (т.е. Ќустендилска) со нахиите: — Илица, Славиште, Пијанец, Дупница, Радомир, Горно Краиште и Серишник; како и казата Врање со Прешевската и Врањската нахија.[1]) Во склопот на Ќустендилскиот санџак влегувала и Кратовската нахија, која не е вклучена кон ниедна од постојните кази, а постои како самостојна. Градот Кратово и селата во Кратовската нахија по ова време се вклучени во хасовите на падишахот. Во 1519 година на територијата на Штипската нахија биле застапени трите категории феудални лена:

[1]) Тapu Defter № 74, пагинирана страница 1, каде што е даден список на казите и нахиите во Ќустендилскиот санџак. Овој дефтер е извод (icmal) од опширниот пописен дефтер № 170 од 1519 година.

хасови, зеамети и тимари. Во хасовите се вклучени вкупно 14 села, од кои 11 се во хасовите на падишахот заедно со Злетовските рудници кај Гребене. Во зеамети се вклучени 6 села, а сите други населени места се вклучени во тимари. Вкупниот број на тимарите во Штипско во ова време изнесува 80, од нив 56 се уживани само од поединци; останатите 24 тимари се заеднички, така што 9 од нив им припаѓале на по двајца спахии-тимариоти; 12 на по тројца и 3 на повеќе од тројца корисници.

Помеѓу притежателите на тимари се среќаваат приличен број јаничари и други службени лица, а помеѓу притежатели на зеамети е и старешината на овчеполските Јуруци, кој бил задолжен да зема активно учество во воените походи, како и останатите притежатели на феудални лена.

Во 1573 година населените места, мезрите и Јуручките џемати во Штипската нахија се вклучени, исто така, во трите категории феудални лена. Самиот попис почнува најнапред со селата, нивните жители и разни видови давачки што биле вклучени во хасовите на падишахот. Падишах, односно, султан во ова време бил Селим II (1566—1574), наследник на Султан Сулејман Величествени (1520—1566). Во хасовите на падишахот се вклучени вкупно 25 села и тоа: — Тушилово, Куково, Бórилофци, Зарапинци, Стубиле, Трохале, Кондино, Кирликово, Злетово, Древени, Лешка (?), Јамиште, Штавкулица, Марино, Близанци, Дреник, Свети Димитри, Дамјан, Јарчево, Горна Калуѓерица, Тополница, Брест, Горанци, Петрово и Лесковица. Потоа следуваат селата што биле вклучени во хасовите на великиот везир Мехмед Паша. Тоа се селата: Гаинци, Судик и Мало Мечкуевци. Понатаму хасовите на Ќустендилскиот санџак-бег по име Јунуз-бег, во кои се вклучени градот Штип и селото Крупиште и најпосле хасовите на Скопскиот санџак-бег по име Али-бег, во кои се вклучени селата Стравиловци и Макреш. По пописот на селата што биле вклучени во хасови следува пописот на селата што биле во зеамети. Бројот на таквите села изнесува 30. Како притежатели на зеамети се јавуваат главно службеници при Високата порта, како и при Румелискиот беглербеглак. Меѓу нив е и субашијата на Овчеполскиот Јуручки санџак.

Сите преостанати села и јуручки џемати се вклучени во третата категорија феудални лена, наречени тимари. Вкупниот број на тимарите во 1573 година изнесува 86. Од овој број 55 се притежаваат и користат од поединци, додека 31 тимар е заеднички т.е. им се доделени на по двајца, тројца или повеќе лица од редот на спахиите-тимариоти.

Во сумарниот пописен дефтер број 74 од 1519 година на пагинираната страница 210 и 211 се регистрирани спахиите-тимариоти кои биле чувари на крепоста во Штип. Командант

(диздар) на крепоста бил некојси Кара-Бали, кој притежавал тимар со годишен приход во износ од 8228 акчиња, кој се земал од населението на село Новоселани и дел од селото Бела, коишто во тоа време спаѓале во Кочанската нахија. Всушност тимарот во кој биле вклучени селата Бела и Новоселани е заеднички. Вкупната сума со која било задолжено населението од овие две села изнесува 10.310 акчиња и тоа, селото Новоселани, кое во тоа време имало 52 семејства, е задолжено со 6396 акчиња, а селото Бела, кое имало 56 семејства, е задолжено со 3914 акчиња. Другите двајца корисници на заедничкиот тимар се чуварите на крепоста, Хамза Горани, кому му припаѓал дел од 1082 акчиња и Иса Бели корисник на дел од 1000 акчиња. Покрај овој тимар, има уште пет други тимари што ги користеле чувари на крепоста. Вториот тимар го користеле 6 души, од кои 5-мина чувари на крепоста по име: — Махмуд, Али, Мурат, Скендер и Хизир Бали, како и имамот[2]) што вршел верска служба за муслиманите чувари на крепоста. Во овој заеднички тимар е вклучено само селото Трахинци, што спаѓало во Штипската нахија кое имало 53 семејства, задолжено со 6626 акчиња. Делот на имамот изнесува 616 акчиња, а на останатите се движи од 739—1400 акчиња. Третиот тимар му припаѓал на Хамза син на диздарот, кој бил помошник (кетхуда) во самата Штипска крепост. Во овој тимар спаѓало селото Пештериште во Штипско, кое имало 18 семејства, задолжено со 1733 акчиња. Четвртиот тимар бил заеднички, а го користеле Караѓоз старешина на булук (ser-i buluk),[3]) како и чуварите Хасан и Мехмед. Во тимарот е вклучено селото Криводол во Штипско, кое има 52 семејства, задолжено со 3500 акчиња. Старешината на булукот користел 1416 акчиња, чуварот на крепоста Хасан 993, а другиот чувар Мехмед 1091 акча. Во петтиот тимар е вклучено селото Драгорич во Штипско, кое имало 5 муслимански и 57 христијански семејства, задолжено со 5336 акчиња. Кон овој тимар е вклучен и дел од 233 акчиња од село Пештериште. Корисници на тимарот се: — Ќатиб Махмуд, Пир Ахмед, Лутви Мурат и Берак. Висината на годишните приходи на првите тројца чувари изнесува по 1400 акчиња, а на последните двајца вкупен износ од 1369 акчиња. За шестиот тимар, што е регистриран кај чуварите на крепоста на страница 211 не би можело да се каже дека е тоа тимар на чувари на крепоста, бидејќи меѓу корисниците не се среќава ниеден како таков. Еве како е регистрирано во самиот дефтер: — „Тимар

---

[2]) ИМАМ (Imam) — ар. Муслиманско духовно лице што ги раководи задолжителните молитви во џамијата и се смета главен службеник при самата џамија.

[3]) Сер-и булук (Ser-i bölük) — Старешина на одред од азапи. Азапите подоцна претставувале посебна пешадија, ангажирана при самите крепости. Овие старешини се викале уште и булукбашии или одабашии.

на Мехмед, хатиб[4]) при џамијата во Штип; Шемсудин, имам при истата џамија; Махмуд муезин[5]) и Мехмед, имам во крепоста на Штип". Во овој тимар е опфатено селото Ак Герекли[6]) во Штипско, населено со 27 муслимански семејства и 20 неженети, задолжено со 2572 акчиња. Потоа е додадено дека на хатибот му следувало по 3 акчиња (секако на ден), на имамот на џамијата во Штип, исто така, 3 акчиња на ден; додека на муезинот и имамот во крепоста им следувало по 2 акчиња на ден. Податоците што ги среќаваме во последниот тимар во врска со принадлежностите на верските службеници било во џамијата во градот Штип или во крепоста се секако интересни и како појава досега за првпат ја среќаваме во Македонија. Познато е инаку дека верските службеници биле плаќани главно од увакуфените имоти било при џамии, месџиди,[7]) медреси,[8]) имарети[9]) и слично. Додека во Штипско, како што гледаме, е создаден специјален тимар за нивно наградување за вршење на верската служба.

## ГРАДОТ ШТИП

Како што веќе нагласивме во почетокот, градот Штип бил седиште не само на Штипската нахија туку и на Штипската каза. Од околу 1512—1573 година градот Штип бил постојано вклучуван во хасовите на Ќустендилскиот Санџак-бег. Во 1519 година Ќустендилски Санџак-бег бил некојси Јунус-бег, а во 1573 година Мехмед-бег. Според бројот на регистрираните жители во поголемите градови во Ќустендилскиот санџак во 1519 година, Штип доаѓа на четврто место, бидејќи повеќе жители има во градовите: Кратово, Мелник и Петрич, додека во градовите Струмица, Ќустендил и Дупница бројот на регистрираните жители е помал од бројот на градот Штип. Во 1573 година по бројот на регистрираните жители градот Штип доаѓа на прво место во целиот Ќустендилски санџак. Како се движел бројот на населението во градот Штип во текот на XVI век најдобро ќе се види од следниов табеларен преглед:

---

4) ХАТИБ (Hatib) — ар. Проповедник во џамија, кој во петок и на двата бајрами држи проповеди пред верниците. Секоја џамија имала свој хатиб.

5) МУЕЗИН (Müezzin) — ар. Муслиманско духовно лице што ги вика верниците од минарето на џамијата на молитва.

6) АК ГЕРЕКЛИ. — Читањето на ова село е сосема точно, но под овој назив во помагалата не сретнавме село во Штипско.

7) МЕСЏИД (Mescid) — ар. Назив за мала џамија, без минаре, каде што не се служи служба во петок и за време на бајрами.

8) МЕДРЕСА (Medrese) — ар. Муслиманско средно училиште кое има главно верски карактер.

9) ИМАРЕТ (Imaret) — ар. Јавна кујна, најчесто отворена при медресите или џамиите, со цел да им се помогне на бедните со доделување оброци, како и за прибирање патници или други верници што навраќале таму, на кои, исто така, им се давале бесплатни оброци.

| Број на пописниот дефтер и година | | Христијани | | | Муслимани | | Евреи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Семејства | Вдовици | Неженети | Семејства | Неженети | Семејства | Неженети |
| 1 | Сумарен пописен дефтер број 167 од околу 1512 год.[10]) | 274 | 39 | 37 | 143 | 14 | 38 | — |
| 2 | Опширен пописен дефтер број 170 од 1519 год. | 333 | 30 | 20 | 201 | 17 | 15 | — |
| 3 | Опширен пописен дефтер број 85 од 1573 год. | 283 | 12 | 115 | 449 | 45 | 28 | 11 |

Следејќи го составот на градското население преку показателите во табеларниот преглед доаѓаме до следниве констатации: — Бројот на христијанските семејства (вклучувајќи ги во нив и вдовиците) од 1512—1519 година се зголемува од 313 на 363, а бројот на муслиманските семејства од 143 во 1512 се покачува на 201 семејство во 1519 година. Што се однесува до Евреите бројот на нивните семејства во 1512 година изнесува 38, а во 1519 се смалува на 15. Во сумарниот пописен дефтер од 1512 година изрично е нагласено дека Евреите се доселиле во Штип од градот Солун. Во 1573 година бројот на христијанските семејства е 295, што значи дека во споредба со 1519 година е смален за 68, а во споредба со 1512 е намален за 18 семејства. Што се однесува до бројот на муслиманските семејства, нивниот број во 1573 година изнесува 449, што значи дека во споредба со 1512 година е утроен. Извесен пораст имаме и кај регистрираните Евреи, кои од 15 во 1519 година се покачува на 28 семејства, плус 11 неженети, што значи дека

[10]) Овој сумарен пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак се чува во Архивот на претседателството на владата (Başbakanlik Arşivi) на република Турција во Истанбул. Овој дефтер поточно е копија и носи датум 1530 година. Некои наши автори, што ползувале податоци од овој дефтер, ги ставаат во 1530 година. Меѓутоа, вршејќи споредба на податоците од овој дефтер со податоците од дефтерот број 170 од 1519 година, можевме да констатираме дека дефтерот број 167 не е од 1530 година, а негде од почетокот на 1512 година, односно, составен непосредно по смртта на Султан Бајезит II 1512 година. Копијата значи е направена во 1530 година најверојатно поради тоа што бил изгубен претходниот примерок. Инаку е познато дека секојпат пописните дефтери се составувале во два примерока. Едниот останувал при финансиската служба (defterhane) во Истанбул, а другиот се доставувал кај беглер-бегот при неговиот дефтердарлак. Ваков случај имаме и со опширниот пописен дефтер број 25 од 1583 година кој се чува во Катастарската управа во Анкара. Копија од овој дефтер има од 1613 година, кој се чува во цариградскиот архив под број 722. При истражувањето и споредувањето на податоците установивме дека е во прашање дефтерот од 1583 година, а не нов дефтер од 1613.

и нивниот број за временски период од 54 години скоро се удвојува. Во градот Штип ги имаме вклучено и четирите муслимански маала што биле секако во непосредна близина на самиот град, а ги имаат следниве називи: — Маало чифлик на Иштип Заде, со 21 семејство; Маало чифлик на Мустафа Мирахор Заде со 8 семејства; Маалото Махмуд кое имало и втор назив Оруч-Хан со 10 семејства и маалото Хаџи Мурат, кое во поранешниот попис го немало, што значи дека е новоформирана населба со 17 семејства. Значи, во овие четири маала имало вкупно 56 муслимански семејства. Давачките од овие 4 маала се вклучени во приходите на Санџак-бегот, Јунус-бег.

Појавата на постојано смалување или стагнирање на христијанскиот елемент по градовите, особено по 1520 година, е карактеристична не само за градот Штип, туку и за сите поголеми градови во Македонија, за разлика од муслиманскиот елемент, кој е во постојанен растеж како во XV така и во XVI век. Смалувањето на христијанскиот елемент е последица од исламизацијата на христијанскиот елемент како по градовите така и по селата, која по 1520 година зема широк замав.

Така, на пример, во 1519 година, од вкупно 201 муслиманско семејство во градот Штип, за 30 од нив констатиравме дека се исламизирани христијани. Во 1573 година од вкупно 449 муслимански семејства, за 106 од нив констатиравме дека се исламизирани, бидејќи кај сите од нив стои презиме „bin abdullah", а такво презиме им се давало на исламизирани немуслимани. Според тоа, во 1573 година скоро секој четврти од муслиманите во Штип е исламизиран христијанин. Бројот на исламизираните е секако многу поголем, зашто ние можеме во пописните дефтери да ги установиме само новоисламизираните, додека синовите на оние жители што биле порано исламизирани, а кои со станувањето работоспособни подлежеле на попис како муџереди, тие за презиме го имаат турското име на исламизираниот татко а не „bin abdulah". Да го одбележиме и тоа дека помеѓу регистрираните муслимани во градот Штип се среќаваат и Јуруци, чиишто вкупен број изнесува 46, од кои 16 ешкинџии и 30 јамаци.

Градското население во пописните дефтери е регистрирано или распределено по маала (Mahalla). Така, на пример, во 1512 година во градот Штип имало 8 муслимански и 5 христијански маала. Во 1519 година 9 муслимански и 6 христијански, а во 1573 година бројот на муслиманските маала заедно со

---

11) Оригиналот се чува во Архивот на претседателството на владата во Истанбул. Од овој дефтер е составен и сумарен, кој се води под број 74 во цариградскиот архив. Микрофилм од овој дефтер има во Архивот на Македонија во Скопје.

12) Оригиналот од овој филм се чува во Катастарската управа во Анкара. Ние го користевме микрофилмот што се чува во Архивот на СРМ.

оние четири придружни изнесува 19, а бројот на христијанските 5. Еве ги називите на маалата. Во 1512 година муслимански маала се следниве: — Џамија, Синан-бег, Мехмед Челеби, Черибаши; Јеген Заде, Ибрахим-бег, Кади(ја), Хаџи Кирамедин. Во 1519 година, покрај гореприведените маала, формирано е уште едно со назив Хамза Факих. Во 1573 година, со исклучок на маалото Кади, другите сите повторно се јавуваат. Новоформираните маала во ова време имаат називи главно на разни новоподигнати месџиди; завие[13]) или џамија. Ете зошто во 1573 година како нови маала се среќаваат следниве: — Месџид на Хаџи Караман; месџид на Фахредин Ефенди; Света Џамија на покојниот Хусам Паша; завие на покојниот Хусам Паша; месџид на черибашијата; месџид на Хусеин Кетхуда. Новоформираните маала во 1573 година говорат за зголемувањето на месџидите, за подигање нова џамија, како и за отворање дервишко теке (завие). Скоро при сите месџиди, џамиите и текињата, како и при постојната медреса и основното училиште, приклучени се вакафски имоти или парични средства за издршка на персоналот што бил ангажиран со верска, просветна или друга служба при тие објекти.

Во продолжение ќе се задржиме на некои од најстарите вакафи и вакафски имоти во градот Штип. Во сумарниот пописен дефтер од 1512 година на фотокопијата број 202 и 206 се среќаваат следниве вакафи: —

1. Вакаф при џамијата на Султан Мурат во градот Штип, за издршка на разните верски и други службеници, како и на обични работници. За исплатување на сите тие лица се издвојувале од собираните пари на име џизие од градското население во износ од 3340 акчиња за цела година.

2. Вакаф на мевланата Нуредин при светата џамија (Cami-i şerif) Во овој вакаф биле вклучени приходите од стариот хамам (топла бања) во градот Штип, кој изнесувал 3500 акчиња годишно; потем 20 дуќани во градот со приход од 1033 акчиња, како и приход од повеќе воденици во износ од 800 акчиња.

3. Вакаф на мевланата Мехмед Челеби, син на мевланата Нуредин, познат како „Иштип Заде“. Овој вакаф бил приклучен кон медресата во градот Штип. Увакуфен имот — новата бања во Штип со годишен приход од 3050 акчиња; 30 дуќани во Штип со приход од 1304 акчиња и од едно ќархане[14]) приход 680 акчиња годишно.

---

[13]) ЗАВИЕ (Zavie) — Дервишко теке; зборно место на дервишите.

[14]) ЌАРХАНЕ (Karhane) ар. — перс. Овој збор има значење на "работилница". Меѓутоа, за каква работилница станува збор не може да се установи.

4. Вакаф при месџидот на черибашијата[15]) Хамза во Штип. Увакуфен приход од воденица во износ од 700 акчи и 7 дуќани во градот со приход од 420 акчи.

5. Вакаф при месџидот на Јеѓан Заде, увакуфени со 20.000 акчиња како и 4 дуќани со приход од 288 акчиња.

6. Вакаф при училиштето (mualimhane) на Муслихудин, терџуман[16]) при Високата Порта. Увакуфени пари во износ од 30.000 акчиња.

7. Вакаф при месџидот на Ибрахим-бег. Увакуфени 20.000 акчиња како и 5 дуќани.

8. Вакаф при месџидот и завието на покојниот Хусам-Паша. Увакуфени пари во износ од 110.460 акчиња, кои носеле лихва по 10% или годишно 11.046 акчиња. Кирија од соби во Керван-сарајот[17]) во износ од 1400 акчиња. Од 10 дуќани увакуфени при завието приход 1008 акчиња.

Има и други вакафски имоти во градот Штип. Ние се задржаваме само на оние најважните и кои имаат врска со нашето излагање за називите на маалата во градот Штип. Што се однесува до називите на христијанските маала во градот, тие се следниве: — Трговиште, Мраморје,[18]) Хотино, Перина фурна и маалото Кади.

Заслужува внимание податокот во врска со увакуфените дуќани во градот Штип. Од горенаведените 8 вакуфи, во 6 од нив има увакуфено дуќани, чиишто вкупен број изнесува 76. Овој податок говори дека дуќаните биле сопственост на членови од владеачката класа, било да се тоа високи државни, провинциски или локални воени или административни службеници или пак збогатени феудалци, кои располагале со чифлици и други неподвижни имоти како и со големи парични средства, така што од целиот тој имот имале огромни приходи во вид на натурална или парична рента. Оваа појава не е карактеристична само за градот Штип, туку и за сите поголеми градови како што се Солун, Скопје, Битола и други.

Од самиот опширен пописен дефтер од 1573 година можевме да констатираме за околу 60 души дека вршеле некој занает, од кои 9 се христијани, а другите муслимани. Помеѓу занаетчиите се среќаваат: — сарачи, табаци, чевлари, терзии, бојаџии, сапунџии, налбати, самарџии, ножари, шапкари, алваџии, касапи, ќурчии и други. Помеѓу самите муслимани во ова време има доста голем број верски, просветни, финансиски и

---

15) ЧЕРИБАШИЈА (Çeribaşi) — Воен старешина. Овој назив се употребувал за старешини на воени одреди составени било од војници, јурvџи или спахии.

16) ТЕРЏУМАН (Terdžeman) — преведувач, толкувач.

17) КЕРВАНСАРАЈ (Kervan-saray) — Зграда во која отседнуваат керваните т.е. трговците што доаѓале од разни места.

18) Може да се прочита и како Мраморино.

*

други службеници. Така, на пример, за 23 души констатиравме дека биле имами; 14 муезини; 26 мухасили;[19]) 11 џелепи;[20]) 4 каими;[21]) 2 шејхови (старешини во дервишите); 1 наставник во медресата; 2 учители; 2 хатиби, како и 9 души што биле ангажирани во крепоста на Штип, најверојатно како мајстори за вршење разни поправки.

## Обврски на градското население кон непосредниот феудален господар

Вкупниот годишен приход на Ќустендилскиот санџак-бег, во чијшто хас бил вклучен градот Штип околу 1512 година, изнесувал 56.680 акчиња; во 1519 година 58.783, а во 1573 година 110.000 акчиња, што во однос на 1512 година значи двојно поголеми приходи.

Ние ќе се задржиме само на некои од давачките на градското население, кои се во исто време и најголеми, а тоа се: — ушурот (десеток) од жита, ушурот од лозја и на трошарината. Во 1519 година градското население било должно да му даде на феудалниот господар вкупно 469 товари жито, од кои 267 товари пченица, 193 товари мешано жито (јачмен, овес, 'рж и слично) и 9 товари граор. Во 1573 година е задолжено со 665 товари, од кои 410 пченица, 250 мешано, 4 граор и 1 товар леќа. Четирите приградски маала биле задолжени со 171 товар жито, од кои 95 пченица и 76 товари мешано. Од горните податоци гледаме дека во 1573 година само градското население било задолжено со 1/3 повеќе жито од 1519 година. Во самиот опширен пописен дефтер, покрај количеството жито изразено во товари, во исто време е дадена и нивната парична вредност, изразена во акчиња. Така, на пример, 1 товар пченица се пресметувал по 25 акчиња; 1 товар мешано по 15; 1 товар граор по 30; а 1 товар леќа 50 акчиња. Вака пресметано целото количество жито, што му следувало на непосредниот феудален господар изнесува вкупно 14.170 акчиња.

Ушурот од лозја (вино) во 1519 година изнесува 2485 медри.[22]) Една медра се пресметувала по 5 акчиња, што вкупно изнесува 12.425 акчиња. Од муслиманите не се земал десеток, а се наплатувало по 5 акчиња за секој донум[23]) лозје. Бидејќи

---

[19]) МУХАСИЛ (Muhasil) — Собирач; лице задолжено со собирање даноци; производител.

[20]) ЏЕЛЕП (Celep) — Трговец на добиток.

[21]) КАИМ (Kaim) — ар. Човек кој се грижи за нешто; назив за прислужник при џамија или друга верска установа, кој се грижи за хигиената, осветлението и др.

[22]) МЕДРА (Medre) — Мера за течност рамна на половина ведро.

[23]) ДОНУМ (Dönüm) — Мера за површина, која имала 40 аршини (или чекори) во должина и 40 во широчина или околу 900 м$^2$.

во ова време муслиманите од градот Штип имале 425 донуми лозја, затоа се задолжени со 2105 акчиња. Според тоа, вкупниот износ што му следувал на феудалниот господар во 1519 година во врска со давачките за лозја изнесува 14.530 акчиња. Во 1573 година христијанското градско население е задолжено со 3300 медри вино. Во ова време една медра се пресметувала по 6 акчиња, што вкупно изнесува 19.800. Муслиманите се задолжени со 1550 акчиња, што значи дека тие притежавале вкупно 310 донуми лозја. Вкупниот приход од лозјата во 1573 година изнесува 21.350 акчиња. Овој податок во врска со приходите од лозјата недвосмислено говори дека лозарството во синорот на градот Штип било мошне развиено.

Што се однесува до приходот од трошарината, бидејќи тој е даден заедно со даноците за свадбарина и нијабет, не може сосема точно да се определи. Во 1519 година тој приход изнесува 16.320, а во 1537 година 26.000 акчиња. Ваквиот сооднос во врска со трошарината убедливо говори за тоа дека во 1573 година во градот била мошне развиена трговијата и прометот воопшто.

Покрај горенаведените обврски на градското население во пописните дефтери се внесени и некои други давачки, на пример: — данок за свињи, ушур од градинарски култури, ушур од овошје, ушур од памук, данок за зимски пасишта (за овци што биле доведувани во текот на зимата од други подрачја), данок за воденици, ушур од улишта и уште некои сосема незначителни давачки.

Познат е инаку данокот наречен „Испенце", што се земал само од христијанското население. На име испенце од секој женет и неженет, а работоспособен, се наплатувало по 25 акчиња годишно, а од вдовиците по 6 акчиња. Дервенџиите во Штипско на име испенце плаќале само по 10 акчиња годишно.

## СОСТАВОТ НА СЕЛСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Околу 1512 година (ТД № 167) во Штипската нахија се вклучени вкупно 126 села; а во 1573 година 137 села и 25 јуручки џемати. Во 1512 година вкупниот број на семејствата во сите 126 села изнесува 3883, од кои 3549 христијански и 334 муслимански, а во 1573 година во 137 села и 25 јуручки џемати се регистрирани 6880 семејства, од кои 5659 христијански и 1221 муслиманско. Ако бројот на муслиманските семејства од околу 1573 година, кој изнесува 1221, го споредиме со бројот во 1512 година, ќе констатираме дека за временски период од 60 години тој е зголемен скоро за четири пати. Што се однесува до христијанското население, ние видовме дека бројот на христијанските семејства во 1512 година изнесува 3549,

а во 1573 година 5659, што значи зголемување за 2110 семејства за временскиот период од 60 години.

Ако претпоставиме дека едно семејство имало 5 членови, во тој случај во 1512 година во сите села на територијата на Штипската нахија имало вкупно 19.415 жители, од кои 1670 муслимани, а во 1573 година бројот на жителите би бил 34.400, од кои 6105 муслимани. Помеѓу регистрираните муслимани по селата во 1573 година се среќаваат 135 души кои се исламизирани христијани. Села со над 100 семејства во 1512 година се следниве: — Гаинци со 138 семејства, од кои само 1 муслиманско; Горобинци со 122 семејства, од кои 6 муслимански; Свети Николе со 148 семејства; Трохоле со 109 семејства; Гузумелци со 108 семејства од кои 1 муслиманско. Другите села се со помалку од 100 семејства. Во 1519 година села со над 100 семејства се: — Голем Балван кое имало 101 семејство, од кои 7 муслимански; Гузумелци со 134 семејства; Гаинци со 148 семејства; Горобинци со 137 семејства од кои 7 муслимански; Крупишта со 102, од кои 2 муслимански; Свети Николе со 171 семејство; Трохоле со 115. Во 1573 година села со над 100 семејства се: — Голем Балван со 124, од кои 2 муслимански; Барбарево со 141 семејство; Гаинци со 235 од кои 8 се муслимански; Горобинци со 201 семејство, од кои 29 се муслимански; Драгоево со 116, од кои 1 муслиманско; Свети Николе со 215 семејства; Трохоле со 111 и Гузумелци со 151 семејство, од кои 4 муслимански.

## Јуруци во Штипската нахија

На територијата на Штипската нахија во 1512 година среќаваме и Јуруци. Утврдувањето на нивниот точен број е доста тешко, бидејќи за добар дел од Јуруците не се даваат цифрени показатели за нивниот број, а само износот на приходите што му следувале на непосредниот феудален господар што биле должни да му го дадат Јуруците. Ако Јуруците притежавале земја од 1 чифлик (60—120 донуми) плаќале на име земјарина по 12 акчи, ако имале помалку земја или пак биле на привремен престој на тој терен како сточари, тогаш плаќале по 6 акчиња. Во сумарниот пописен дефтер од 1512 година среќаваме податоци дека имало три џемати Јуруци во синорот на селото Богословец, но колкав бил тогаш нивниот број не знаеме. Чисто јуручко село било Дели Хусеинли, каде што во 1512 година имало 17 Јуруци, од кои 6 неженети, а во 1573 ги има вкупно 26. Во 1512 година се среќаваат 5 Јуруци во Село Жидмирци, кои во 1573 година ги нема веќе таму, веројатно се преселиле на друго место. Во 1512 година во синорот на село Минино се среќаваат 43 Јуруци, а во селото Саро Хамзели

(во картата Сарамзалино) имало 19 Јуруци. Може со сигурност да се претпостави дека регистрираните муслимани во селото Бешерли, 12 на број, а во селото Смоква 15 души дека се Јуруци, бидејќи во 1573 година во овие исти села фигурираат само Јуруци.

Од горептриведените податоци гледаме дека на територијата на Штипската нахија околу 1512 година Јуруци се населени во 7 села или во нивните синори. Со исклучок на Јуруците што биле населени во синорот на селото Богословец, чиишто број не е можно да го констатираме, а имало три џемати, во останалите 6 села имало вкупно 111 Јуруци. Според тоа, бројот на Јуруците во 1512 година претставува 1/3 од вкупниот број на муслиманите по селата во Штипско. Она што може да се извлече како констатација во врска со колонизацијата на Јуруците во Штипско а тоа нешто веќе го имаме констатирано и на некои други подрачја во Западна Македонија (Прилепско, Битолско, Леринско и Скопско), е тоа, дека колонизацијата на Јуруци во текот на XV век и првите децении од XVI век немала широк замаф и оти таа негде по 1520 година ќе почне да зема големи размери.

За Јуруците, нивната организација, нивните задолженија и привилегии, изразени со даночни олеснувања или целосно ослободување, на пример, од државните даноци, поопстојно да се види во статијата на М. Соколоски — „За Јуруците и јуручката организација во Македонија од XV — XVIII век“ — објавена во „Историја“, списание на историските друштва на СР Македонија, Год. IX, бр. 1, Скопје 1973. Јуруците на територијата на Македонија се опфатени во два санџака: — Овчеполскиот јуручки санџак и Солунскиот. Јуруците од Штипско се во склопот на Овчеполскиот јуручки санџак, а седиштето на главниот старешина на Овчеполските Јуруци т.е. јуручкиот бег или уште наречен субашија, било во градот Штип. Во Овчеполскиот јуручки санџак (или субашилак), покрај Јуруците од Штипско биле вклучени и Јуруците од Скопско и Кумановско. Јуруците биле распределени по одреди, наречени „оџаци”, кои имале од 25—30 Јуруци. Старешините на ваквите одреди се викале „черибашии“.

Во натамошното излагање во врска со Јуруците ние ќе се користиме со податоци од опширниот пописен дефтер од 1573 година за Штипската нахија.

Следејќи го составот на населението по селата, можевме да установиме дека на целата територија на Штипската нахија во 1573 година имало околу 608 јуруци, а вкупниот број на сите муслимани по селата изнесува во ова време 1327, од кои 106 се неженети (mucerred). Ако се има предвид дека не го знаеме бројот на 15 јуручки џемати населени во Сланидол, каде што стои дека се задолжени со 700 акчиња годишно, а

тргнувајќи од претпоставката дека тие се сметале како привремено населени таму и оти плаќале како такви само по 6 акчи на име „resm-i duhan“, или „resm-i haymane“, во тој случај би требало да се смета дека вкупниот број на Јуруците во тие 15 џемати изнесувал околу 120 души. Според тоа, заедно со останалите 608 Јуруци произлегува дека на теренот во Штипско во 1573 година имало 728 Јуруци. Со други зборови, над 50% од вкупниот број на муслиманите по селата во Штипско се Јуруци. Според тоа, во споредба со бројот на Јуруците околу 1512 година, кога нивниот број изнесуваше 111 произлегува, бројот на Јуруците за временски период од 60 години се зголемил повеќе од 6 пати. Ова нешто е најдобар доказ дека масовната колонизација на Јуруци во Штипско почнала да се спроведува по 1520 година.

Врз основа на податоците од опширниот пописен дефтер од 1573 година, Јуруците би можеле да ги распределиме на три групи, според нивната појава по местожителства и тоа: —

1. Села само со јуручко население. Нив ги има 5, населени со 108 Јуруци. Тоа се селата Дестемали (кое имало и втор назив Смоквиште), Будимир (со втор назив Џелах Ибрахим), Дели Хусеинли, Саро Хамзали (во географската карта се води како Сарамзалино) и селото Беширли (во географската карта се води како Пеширово).

2. Села каде што покрај муслиманската раја т.е. земјоделци муслимани што не се Јуруци, има и Јуруци, а во некои од нив и христијанско население. Бројот на таквите села е 17. Во сите тие села има 165 Јуруци, од кои 10 ешкинџии и 155 јамаци, потем 214 души — муслиманска раја и 282 христијански семејства. Еве некои од тие села: — Хаџи Ахмедли со 7 Јуруци и 11 муслиманска раја, Дикенлер (втор назив Черневиште) со 7 јуруци и 35 муслиманска раја, Тополница со 7 Јуруци 13 муслиманска раја и 23 христијански семејства. Други такви села се: Љуботен, Софиларе, Хамза Бејли, Добришани и други.

3. Јуручки џемати (групи) насѐлувани во синорот на одделни села или во одделни месности. Во пописниот дефтер можевме да констатираме дека во Штипско имало всушност 40 такви џемати. Исклучувајќи ги 15 јуручки џемати што биле населени во месноста Сланидол за кои немаме податоци колку Јуруци во нив имало точно, во преостаналите 25 џемати биле населени 348 Јуруци. Во продолжение ќе приведеме дел од тие џемати, кои подоцна станале населби и денес се познати како називи на села: џемат[24]) Дурфули со 7 Јуруци; Ќоселер

---

[24]) ЏЕМАТ (Cemaat) — ар. Собир; група; верска, социјална или територијална група; воена единица составена од повеќе мали одреди.

со 11; Едеклер со 4; Бекерли со 23; Караџа Али со 45; Кара Синанлер со 10; Хаџи Хамзали (во географската карта Аџамзалци) со 19; Хаџи Бејли (во картата Хаџи Бекли) со 32; Хаџи Сејди (во картата Сејдили) со 11; Хаџи Јусуф (во картата Хаџи Јусуфли) со 10; Саро Хамзали (во картата Сарамзалино); Шеих Обаси и други.

Најголем дел од јуручките џемати се населени во подрачјето на селата: — Богословец, Минино, во мезрата Смоквиште или уште наречена Уџман, во синорот на селото Убога и во месноста Сланидол.

Одделно треба да се подвлече дека огромниот број од Јуруците околу 1573 година се ориентирани и кон земјоделско производство. Познато е инаку дека тие се преселени како сточари. Тоа нешто најдобро се гледа од нивните давачки во вид на ушур или разни такси на непосредните феудални господари, спахиите-тимариоти. За илустрација ќе земеме неколку примери. Во пописниот дефтер под реден број 81 на 368 лист е даден пописот на јуручкото село Саро Хамзали. Поименично се регистрирани 20 јуручки семејства и тоа 16 јамаци и 4 ешкинџии, како и 1 муслиманска раја кој не бил Јурук. Селото било вклучено во тимарот на некојси Ќатиб Мустафа. 16 души од Јуруците се задолжени со по 12 акчиња на име „resm-i çift", што значи дека тие притежавале земја во размери на еден чифлик. Четворица се прикажани како бенаци,[25]) што значи дека имале земја помалку од еден чифлик, поради што се задолжени да платат по 6 акчи годишно, додека муслиманската раја е задолжена со 22 акчиња на име „resm-i çift", како и сите други муслимани што не биле вклучени во некои од воените или полувоените организации.

Понатаму во пописниот дефтер стои дека целото население од ова село е задолжено со 96 товари пченица или проценета во пари 2400 акчиња, бидејќи еден товар пченица се пресметувал по 25 акчи. Целото село е задолжено уште со 16 товари мешано жито (mahlut), подразбирајќи тука јачмен, 'рж и овес. Еден товар мешано жито се пресметувал по 15 акчиња. Селото е задолжено уште со 1 товар леќа, потем со 10 медри вино во износ од 60 акчи, со ушур за бостан во износ од 17 акчи, како и со давачките нијабет, свадбарина, полјачина и преносни такси за земја (tapu-i zemin). Вкупниот износ на давачките изнесува 3000 акчиња.

Ист е случајот и со јуручкото село Беширли, во кое се регистрирани 15 души, сите јамаци, кои притежавале по цел чифлик и плаќале по 12 акчиња. Жителите се задолжени со

[25]) БЕНАК (Benak) — тур. Назив за муслимански земјоделец кој поседувал земја помалку од еден чифлик. Како такви тие плаќале 50% од предвидената такса за земјарина, наречена „Ресм-и чифт".

60 товари пченица, 27 товари мешано жито како и со некои други давачки. Вкупниот износ на давачките што му следувал на непосредниот феудален господар е проценет на 2200 акчиња.

На листот 410, под реден број 179 е даден пописот на јуручкото село Смоквиште кое имало и втор назив Дестемали. Регистрирани се вкупно 30 души, од кои 20 јамаци, 7 ешкинџии, 1 имам, 1 хајмана (без постојано место на живеење) и 1 муслиманска раја. 23 души од Јуруците имале по цел чифлик земја, а 5 мина помалку од чифлик (бенаци). Покрај данокот за земјата, биле задолжени уште со 43 товари пченица, 55 товари мешано, со 50 акчиња за притежавањето 10 донуми лозја т.е. по 5 акчиња за секој донум, понатаму со ушур за бостан, со ушур за лен и други вообичаени давачки во пари. Вкупната сума со која е задолжено целото население од ова село изнесувала 2739 акчиња.

Ист е случајот и со Јуруците што се населени како џемати во одделни мезри[26]) или во синорите на одделни села. Така, на пример, за 15 јуручки тајфи (џемати) што се населени во мезрата Сланидол во текстот што следува по набројувањето на називите на џематите е изрично нагласено дека оние Јуруци што држат цел чифлик земја плаќаат по 12 акчи земјарина, наречена „resm-i çift" додека бенаците плаќале по 6 акчиња на име „resm-i duhan".[27]) Во текстот е изрично нагласено дека Јуруците од земјоделските производи давале и ушур (десеток). Неоженети а работоспособни синови на Јуруците не плаќале никаков данок, што е изрично запишано по пописот на џематот наречен Догушлар, кој имал и втор назив Бекирли, на 410 лист под реден број 180, а бил вклучен во тимар на чувари на крепоста на градот Штип.

Во опширниот пописен дефтер број 170 од 1519 година само на едно место сретнавме податок за Јуруци во Овчеполието. Имено, на 122 лист од дефтерот стои „зеамет на Овчеполските Јуруци" што го уживал Ферхад-ага, син на Даут-Паша.

Во дефтерот е изрично нагласено дека Ферхад-ага бил должен да учествува во воените походи. На 123 лист стои: „Јуруци во зеаметот на Ферхад-ага" и притоа под наслов Нахија Овче Поле се регистрирани поединечно 41 Јурук, од кои тројца се исламизирани христијани. Покрај овие Јуруци, во зеаметот биле вклучени и Јуруците од Скопско, Кумановско и Острово. Вкупниот број на Јуруците што биле во зеаметот изнесува 112. Секој од Јуруците му давал на својот главен ста-

---

[26]) МЕЗРА (Mezra) ар. Поле; обработлива површина; испустено село.

[27]) РЕСМ-И ДУХАН (Resm-i duhan) — назив за данок што го плаќале оние лица што немале свое постојано местожителство, како што бил на пример некои од јуруците, од циганите и други скитници. Овој данок изнесувал 6 акчи на лице годишно.

решина Ферхад по 50 акчиња годишно или вкупно 5600 акчиња. Пописот на Јуруците не е даден по нивното местоживеење во ова време, туку просто како припадници на јуручката организација. Секако во ова време најголема концентрација на Јуруци имало во подрачјето на селото Минино, каде што уште во 1512 година се покажани повеќе јуручки тајфи (џемати), од кои подоцна станале и населби како што се Караџ-Али (Караџалино); Ќоселер, Бекелер, Турханли и други. Впрочем не случајно селото Минино добило со колонизацијата на Јуруци муслимани втор назив — Татар Обаси.

Покрај Јуруците, на територијата на Штипската нахија среќаваме во 1573 година уште и соколари, војнуци, дервенџии и мартолози.

Во 1573 година се регистрирани вкупно 101 соколар, од кои 42 неженети и тоа: во село Тушилово вкупно 61 соколар, од кои 33 неженети; во село Петрово (втор назив Дадулци) имало 22 соколари, од кои 8 неженети; во село Барбарево 4; во село Аргулица 7; во село Големо Мечкуефци 6, како и еден соколар — ѓорунџија, кој притежавал и берат. Во селото Тушилово соколарите се прикажани како посебно маало во кое се регистрирани по име и презиме сите соколари. Кај пописот на соколарите е изрично нагласено дека данокот „џизие“ го предавале во градот Врање, додека испенџето и другите давачки му ги давале на непосредните феудални господари во чиешто феудално лено биле вклучени.

Војнуци во 1573 година среќаваме во селото Чашинци, каде што се регистрирани поединечно вкупно 33 души. На територијата на Штипската нахија во 1573 година среќаваме две лица што вршеле мартолошка служба т.е. биле мартолози. Едниот е од село Лесново, другиот од село Мушково.

Во текот на XVI век се среќаваат 3 села што вршеле дервенџиска служба. Така, на пример, за селото Ново Село во пописниот дефтер број 167 од околу 1512 година на 270 лист ги среќаваме следниве податоци: — дека ова село имало и втор назив Ќопри Ќој (Köprü Köy) што би значело „Село кај мостот“ и оти било дервенџиско. Понатаму стои дека покојниот султан Бајезит-хан (1481—1512) решил или определил населението од ова село да врши поправки на мостот што се наоѓал во близината на самиот град Штип. Жителите на ова село кои живееле кај самиот мост биле задолжени да го надгледуваат мостот и да вршат поправки. Врз основа на она што веќе било вообичаено за дервенџиите, секој од регистрираните жители плаќал по 10 акчи годишно на име испенџе. Оние од регистрираните, што биле женети, давале годишно уште по 1 денк пченица и по 1 денк јачмен (1 денк претставува половина товар). Годишните приходи од селското население во износ од 1084

акчиња биле трошени за поправките што се вршеле на мостот, најверојатно за набавка на материјал. Како компензација за чување на преминот и вршење на поправки на мостот населението било ослободено од сите редовни и вонредни државни даноци. Бидејќи султанот бил известен дека населението си ја исполнувало својата обврска беспрекорно, затоа било наредено повторно во новиот пописен дефтер да бидат задолжени и понатаму како дервенџии. Уште пред 1512 година ова село станало вакаф на Султан Бајезит-хан, нешто што е регистрирано во опширниот пописен дефтер број 170 од 1519 година. По ова време селото имало 21 христијанско семејство и било вакаф на покојниот султан Бајезит-хан.[28])

Второто дервенџиско село што се среќава во текот на XVI век е селото Почивало, кое се наоѓа источно од Штип близу селото Кошево. Во пописниот дефтер од околу 1512 година стои дека ова село имало 36 семејства, меѓутоа, во тоа време не било дервенџиско. Во 1519 година имало 45 семејства и тогаш вршело дервенџиска служба. Во што се состоела нивната обврска како дервенџии во дефтерот не е регистрирано. Во пописниот дефтер од 1573 година не стои дека било дервенџиско. Во ова време селото имало 35 христијански семејства. Во синорот на ова село уште пред 1512 година имало населено Јуруци и тоа 5 булуци или групи, додека во 1573 година има само една група од 11 муслимански семејства, наречена Хаџи Сејди.

Третото дервенџиско село е Лозница, кое од 1512—1573 година било постојано дервенџиско. Ова село Александар Стојановски во својата студија за дервенџиството во Македонија го предава со назив Бозница. Точното дешифрирање на ова село е навистина многу тешко, бидејќи допушта да се прочита и како Божица и Боженци. Во 1512 година ова дервенџиско село било вклучено во зеаметот на Ферхад-ага, заим на Овчеполските Јуруци и имало 25 христијански семејства, а во 1573 година 41 семејство и 39 неженети. Во самиот дефтер број 167, фотокопија 264 од околу 1512 година како и во дефтерот од 1573 година е изрично одбележено дека како женетите така и неженетите плаќале по 10 акчиња на име испенџе, а само женетите уште по еден денк пченица и еден денк јачмен. Покрај тоа, во дефтерот стои дека населението од ова дервенџиско село плаќало данок за улишта, данок за свадбарина, данок за свињи, како и такса за увезено вино. Вдовиците не плаќале ништо. Селото не успеавме да го убицираме, бидејќи село со назив Лозница, Боженци или Бозница во Штипско во

[28]) Опширен пописен дефтер № 170, лист 485.

географската карта нема. Во дефтерот од 1573 година стои дека ова село било додадено кон селото Дедино, кое во тоа време спаѓало во Струмичката нахија. Овој податок може да биде индикатор дека селото веројатно се наоѓало негде југоисточно од градот Штип.

Што се однесува до давачките на непосредниот феудален господар, регистрираните жители во 1573 година се задолжени со 800 акчиња годишно за испенџе, односно, секој женет и неженет плаќал по 10 акчиња, како што е заведено и во самиот дефтер. По однос на давачките од жито, само женетите се задолжени со 20 1/2 товари пченица и 20 1/2 товари мешано жито. Ова количество наполно одговара на она што веќе го одбележавме, дека секој женет давал по еден денк пченица и по еден денк јачмен, со таа разлика што овде стои мешано жито, место јачмен. Вкупното количество изнесува всушност 82 денка жито. Бидејќи еден денк претставува половина товар, оттаму при дефинитивното пресметнување имаме 41 товар, односно 20 1/2 пченица и 20 1/2 мешано жито.

Вредноста на пченицата е изразена во пари и тоа во износ од 512 акчиња, а вредноста на мешано жито изнесува 307 акчиња, сметајќи еден товар по 15 акчиња. Покрај овие давачки, во дефтерот се регистрирани уште и следниве: — такса за вино (bac-i hamr) 40 акчиња; данок за бостан 72 акчиња; данок за свињи 41; понатаму половина нијабет, данок за свадбарина, за полјачина и преносни такси за земја во износ од 255 акчиња.

На крајот пописувачот сумирал дека вкупните давачки изнесуваат 2027 акчиња. Од приведените податоци се гледа дека населението на ова дервенџиско село давало и данок за бостан, нијабет, полјачина, како и такса за земја при нејзината купопродажба за добивање тапија (tapu-i zemin).

## Обврските на селското население кон непосредните феудални господари во 1573 година

Сумирајќи ги податоците од опширниот пописен дефтер број 85 од 1573 година, констатиравме дека целокупното селско население на територијата на Штипската нахија е задолжено со 19.307 товари жита, од кои 9380 товари пченица, 9560 мешано жито (јачмен, 'рж и овес), 275 товари граор и 92 товари леќа. Ако кон ова количество го прибавиме и количеството со кое било задолжено градското население, во тој случај вкупното количество жито би изнесувало 19.972 товари, од кои 9790 пченица, 9810 мешано, 279 граор и 93 товари леќа. Ние веќе порано нагласивме дека еден товар пченица во ова време се пресметувал по 25 акчиња, еден товар мешано по 15; еден

товар граор по 30, а еден товар леќа по 50. Според тоа, вкупното количество жито што им следувало на непосредните феудални господари во Штипската нахија, било тоа да се притежатели на хасови, зеамети или тимари пресметано во пари, изнесува 404.920 акчиња и тоа за пченицата 244.750, за мешаното 147.150; за граорот 8370 и за леќата 4650 акчиња. Еве некои од селата што биле задолжени со најголемо количество жито: —

1. Селото Ѓузумелци било обврзано да даде 350 товари пченица, 380 товари мешано, 6 товари граор и 1 товар леќа.

2. Селото Свети Николе е задолжено со 300 товари пченица, 300 товари мешано и 10 товари граор.

3. Селото Трахинци е задолжено со 220 товари пченица, 350 товари мешано и 15 товари граор.

Што се однесува до ушурот од лозја, што се земал од христијанското население во натура т.е. како шира, мерена со мерата медра, ја имаме следнава положба. Целото селско христијанско население во Штипско е задолжено со 21.932 медри вино. Една медра се пресметува по 6 акчиња, што изнесува 131.592 акчиња. Муслиманите во Штипско не ги зедовме предвид, бидејќи тие не давале во натура, туку плаќале по 5 акчиња за секој донум лозје. Да одбележиме дека е извонредно мал бројот на селата што не се занимала со лозарство. Порано ние видовме дека само градското население било задолжено со 3300 медри вино (шира). Ако ова количество го сумираме со она што го давало селското население, ќе видиме дека вкупното количество изнесувало 25.232 медри или 151.392 акчиња. Со најголемо количество вино биле задолжени селата: — Свети Николе со 1237 медри; селото Преход со 800 медри, селото Злетово со 918 медри; селото Трохале со 500 медри; селото Лесковица со 480 медри итн. Вкупниот износ од улишта, пресметан во пари, изнесува 7728 акчиња. Со оваа давачка се задолжени 104 села во Штипско, што е најдобар знак дека пчеларството било мошне застапено. Со најголеми износи се задолжени селата: — Стубиле со 300 акчиња; Јамиште со 250; Свети Николе со 305; Трахинци со 230 акчиња итн. Податоците говорат дека во Штипско било мошне развиено и одгледувањето свињи. Целокупното селско население е задолжено во 1573 година со 6024 акчиња на име „Данок за свињи“. Овој данок е застапен во 108 села со христијанско население. Со производство на памук во Штипско се занимавале 46 села. Приходот на феудалните господари од оваа култура изнесува 2928 акчиња. Најголемо количество памук се произведувало во селата: — Гаинци и Свети Николе.

Со производство на лен се занимавале 28 села. Ленот се мерел на оки и за секоја ока се наплатувало по 2 акчиња. Вкупниот износ од лен од целокупното селско население во Штипско изнесува 2030, што би претставувало 1015 оки лен. Покрај

горепривedените давачки има и други. Од нив треба да се подвлече ушурот од градинарски култури, овошје, данокот за воденици, за пасишта, ливади и уште некои.

Како заклучок на оваа статија за Штип и Штипско во текот на XVI век би можеле да го подвлечеме следново: Статијата дава можност да се согледа тимарско-спахискиот систем во текот на XVI век, категориите на феудалните владенија на тој терен, како и обврските на градското и селското население кон непосредните феудални господари. Од излагањето е очевидно дека градот Штип за временски период од 60 години е во постојанен растеж како на економски план така и по однос на бројот на жителите. Имено, градот Штип во 1573 година по бројот на населението во целиот Ќустендилски санџак е на прво место. Во овој град, како и скоро во сите поголеми градови во Македонија, во втората половина од XVI век преовладува муслиманскиот елемент над христијанскиот, како последица од масовната исламизација на христијаните. Статијата дава можност да се установат точните називи на многубројни села на територијата на Штипската нахија, кои се мошне лошо и искривено претставени во постојните географски карти. Секако од посебен интерес е масовната колонизација на Јуруци, особено по 1520 година, бидејќи над 50% од муслиманското население во Штипско се Јуруци, а од оние други 50% муслимани, со сигурност може да се претпостави дека една третина од нив се исламизирани христијани.

Во продолжение даваме табеларен преглед за составот на населението во Штипската нахија, изработен врз основа на податоците од опширниот пописен дефтер бр. 85 од 1573 год.

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

## За составот на населението во Штипската нахија во 1573 год.

| | Назив за селото или џематот | Христијани | | | Муслимани | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Семеј-ства | Вдовици | Неже-нети | Семеј-ства | Неоже-нњти | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | АРБАСАНЏИ ГОРНО | 93 | 2 | 30 | — | — | |
| 2 | АРБАСАНЦИ ДОЛНО | 60 | 3 | 52 | — | — | |
| 3 | АРГУЛИЦА | 47 | 2 | 18 | 2 | — | Напишано е Аргурица |
| 4 | БАЛВАН ГОЛЕМ | 117 | 5 | 61 | 2 | — | |
| 5 | БАЛВАН МАЛ | 60 | 3 | 27 | 20 | 4 | |
| 6 | БАРБАРЕВО | 137 | 4 | 25 | | | |
| 7 | БЕШИРЕВО, втор назив ЌУЧУКЛЕР | — | — | — | 15 | — | Муслиманско село населено со колонизирани Јуруци |
| 8 | БЛИЗАНЦИ | 17 | — | 14 | — | — | |
| 9 | БОГОСЛАВЕЦ | 60 | 4 | 28 | — | — | Точно така е напишано. Денес е познато како Богословец |
| 10 | БОРИЛОВЦИ | 15 | 1 | 25 | — | — | |
| 11 | БОШАВА | 14 | 2 | 11 | — | — | |
| 12 | БРЕСТ | 12 | 1 | 8 | | | |
| 13 | БУДИМИР, втор назив ЏЕЛАХ ИБРАХИМ | — | — | — | 19 | — | Јуручко село. 15 души се Јуруци |
| 14 | БУЧЕШНИЦА ДОЛНА | — | — | — | 9 | — | Читањето не е сосема сигурно |
| 15 | БУЧИМ | 29 | 2 | 21 | — | — | |
| 16 | БУЧИШТЕ ГОРНО, втор назив ТРИПОТАНЦИ | 2 | — | 3 | 16 | — | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | ВАРСАК | — | — | — | 20 | 5 | Денес познато како Варсаково. Помеѓу муслиманите има 2 Јуруци |
| 18 | ГАЈИНЦИ | 220 | 7 | 44 | 8 | 1 | |
| 19 | ГАЈРАНЦИ | 73 | 2 | 30 | 2 | — | |
| 20 | ГЕРЕКАРЦИ | 21 | 2 | 10 | 2 | 1 | |
| 21 | ГОЈНОВЦИ ДОЛНО | 64 | 2 | 25 | 5 | — | |
| 22 | ГОРАНЦИ | 28 | — | 22 | — | — | |
| 23 | ГОРАЧИНО | 15 | 1 | 14 | — | — | |
| 24 | ГОРОБИНЦИ | 172 | — | 45 | 29 | 4 | |
| 25 | ГРИЗИЛЕВЦИ | 20 | 2 | 15 | — | — | Напишано е Гризихелци |
| 26 | ГУЗУМЕЛЦИ | 147 | — | 112 | 4 | 3 | |
| 27 | ДАБИНЦИ | 4 | — | 2 | | | |
| 28 | ДАМЈАН | 26 | — | 7 | 7 | — | |
| 29 | ДЕЛИ ХУСЕИНЛИ | — | — | — | 26 | — | Село населено со Јуруци |
| 30 | ДИКЕНЛЕР, втор назив ЧЕРНОВИШТЕ | — | — | — | 36 | 6 | Помеѓу муслиманите има 7 Јуруци |
| 31 | ДОЛАНИ | 36 | 3 | 25 | | | |
| 32 | ДРАГОЕВО | 105 | 10 | 55 | 15 | 1 | |
| 33 | ДРЕВЕНИ | 43 | — | 19 | 1 | — | |
| 34 | ДРЕНИК | 57 | 1 | 33 | 2 | 1 | |
| 35 | ДРЕНАК | 17 | — | 12 | — | — | |
| 36 | ДУЛЦИ ХАСАН | — | — | — | 6 | — | Селото е населено со Јуруци |
| 37 | ЖИДЈАНЦИ, втор назив АРБАНАШ | 43 | 2 | 35 | 1 | — | Точно така е напишано |
| 38 | ЖИДМИРЦИ | 51 | — | 42 | 2 | — | Двајцата муслимани се Јуруци |
| 39 | ЗАРАПИНЦИ | 49 | 2 | 52 | — | — | |
| 40 | ЗЛЕТОВО | 94 | 5 | 50 | 3 | — | |
| 41 | ИСТИБАЊА | 50 | — | — | 51 | 16 | Реката Брегалница го делела селото на два дела |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 42 | ЈАМИШТЕ | 46 | 2 | 34 | — | — | |
| 43 | ЈАРЧЕВО | — | — | — | 4 | — | Порано ова село било населено со христијани |
| 44 | ЈАХЈА ПИНАР, втор назив КАРА ОСМАН | — | — | — | 32 | 4 | |
| 45 | КАЛОПЕТРОВЦИ | 41 | — | 45 | | | |
| 46 | КАЛУЃЕРИЦА ГОРНА | 14 | — | 8 | — | — | |
| 47 | КАЛУЃЕРИЦА ДОЛНА | 21 | — | 9 | | | |
| 48 | КАРБИНЦИ | 40 | 2 | 18 | 5 | — | |
| 49 | КАШТЕЛ (може и Каштин да се прочита | 52 | 5 | 29 | 7 | — | Од муслиманите 5 мина се Јуруци |
| 50 | КИРЛИКОВО | 36 | 1 | 24 | — | — | |
| 51 | КНЕЖИЦА | 70 | — | 61 | 4 | — | |
| 52 | КОЗЈАК | 37 | 2 | 31 | 1 | — | |
| 53 | ДОЛНО КОЗИНЦИ, втор назив СВЕТИ ДИМИТРИ | 21 | 2 | 16 | — | — | |
| 54 | КОНДИНО | 35 | 1 | 18 | — | — | Може да се прочита и како Кундино |
| 55 | КОЧИНЦИ | 16 | 1 | 14 | 37 | — | Муслиманите се Јуруци населени во синорот на ова село |
| 56 | КОШАВА | 57 | 6 | 41 | — | — | |
| 57 | КРАТОВО ДОЛНО, втор назив БУГАРИН | 6 | — | 2 | — | — | |
| 58 | КРЕНОВЦИ, втор назив ЈАРАНОВЦИ | 21 | 1 | 10 | — | — | |
| 59 | КРИВИ ДОЛ | 54 | 2 | 42 | — | — | |
| 60 | КРУПИШТЕ | 77 | 4 | 48 | 1 | — | |
| 61 | КРУША | 1 | — | — | 6 | — | |
| 62 | КУКОВО | 45 | 2 | 28 | — | — | |
| 63 | КУЧИНЧИНО | 20 | — | 12 | — | — | Точно така е напишано |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 64 | ЛЕЗОВО | 40 | 3 | 39 | 3 | — | |
| 65 | ЛЕСКОВИЦА | 73 | — | 64 | 6 | 1 | |
| 66 | ЛЕСНОВО | 7 | — | 7 | — | — | |
| 67 | ЛЕШКА (?) | 63 | — | 46 | — | — | |
| 68 | ЛИПОВДОЛ | 16 | — | 5 | — | — | |
| 69 | ЛОЗНИЦА | 41 | — | 39 | — | — | Може и Бозница да се прочита. Селото е дервенциско |
| 70 | ЛУБЕТИН(О) | — | — | — | 22 | — | Од муслиманите 12 души се Јуруци |
| 71 | МАКРЕШ, втор назив ТИХОЛИШТА | 70 | 4 | 6 | — | — | |
| 72 | МАРИНО | 28 | 2 | 12 | — | — | |
| 73 | МАРИЧИНО | 28 | 3 | 16 | — | — | |
| 74 | МЕЧКУЕВЦИ ГОЛЕМО | 85 | 7 | 37 | — | — | |
| 75 | МЕЧКУЕВЦИ МАЛО | 44 | 2 | 39 | — | — | |
| 76 | МИНИНО, втор назив ТАТАР ОБАСИ | 16 | — | 14 | 74 | 9 | Христијаните од ова село се преселиле во селото Гузумелци |
| 77 | МУСТАФАЦА ОБАСИ | — | — | — | 46 | 17 | Во прашање е селото Мустафино |
| 78 | МУШКОВО | 9 | 1 | 9 | — | — | |
| 79 | НЕОКАЗ(и) | 46 | — | 25 | 6 | — | |
| 80 | НИКОМАН | 35 | 4 | 25 | — | — | |
| 81 | НОВИ ДОЛ | 52 | 2 | 38 | — | — | |
| 82 | НОВОСЕЛАНИ | 30 | — | 14 | — | — | |
| 83 | НОВО СЕЛО, втор назив ЦЕРОВО | 14 | — | 7 | — | — | Ова село треба да е кај Липов Дол и Горно Мечкуевци |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 84 | НОВО СЕЛО — до гр. Штип | 21 | — | — | — | — | Бројот на жителите е од 1519 год. Селото е дервенџиско и во исто време вакаф на пок. султан Бајазит II (1481—1512) |
| 85 | ПАТЕТИНО | 38 | 2 | 33 | — | — | |
| 86 | ПАТРИК | 21 | — | 19 | — | — | |
| 87 | ПЕНУШ | 44 | 1 | 38 | 2 | | |
| 88 | ПЕТРИЧАНИ | 25 | — | 27 | — | — | |
| 89 | ПЕСТРИШАНИ | 24 | 1 | 17 | 1 | — | |
| 90 | ПЕТРОВО, втор назив ДАДУЛЦИ | 58 | 2 | 37 | — | — | |
| 91 | ПИШИЦА ДОЛНА | 46 | 2 | 44 | — | — | |
| 92 | ПИШИЦА ПУСТА | 10 | — | 1 | — | — | |
| 93 | ПЛАШЕНЦИ | 76 | — | 21 | 2 | 1 | Селото точно така е напишано |
| 94 | ПОЧИВАЛО | 35 | — | 21 | 11 | — | Селото е дервенџиско. Муслиманите се Јуруци населени како тајфа во синорот на ова село. |
| 95 | ПРЕХОД | 72 | 1 | 27 | — | — | Точно така е напишано селото |
| 96 | ПРЧЕВО, втор назив ТУШИЛОВО | 49 | — | 29 | — | — | Може и Брчево да се прочита |
| 97 | ПУЗДЕРКОВЦИ | 94 | 2 | 49 | — | — | |
| 98 | ПУШЧЕ | 20 | — | 20 | 1 | — | Веројатно е во прашање селото Пухче |
| 99 | РАДАЊА | 84 | 2 | 46 | 12 | 1 | Четворица од муслиманите се Јуруци |
| 100 | РУРАК | 5 | — | 1 | 8 | — | Муслиманите се сите Јуруци |
| 101 | САРО ХАМЗАЛИ | — | — | — | 21 | — | Јуручко село познато денес со називот Сарамзалино |
| 102 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 207 | 8 | 93 | — | — | |
| 103 | СЕЛЦЕ | 56 | 5 | 53 | 3 | 1 | |
| 104 | СЕРЧИЛЕР | — | — | — | 10 | 1 | Од муслиманите двајца се Јуруци. Во прашање е селото Серчиево |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 105 | СКАНДАЛЦИ ГОЛЕМО | 26 | 2 | 34 | — | 3 | Тројцата муслимани се исламизирани христијани |
| 106 | СКАНДАЛЦИ МАЛО, втор назив ДОБРИШАНИ | 5 | — | 3 | 15 | 1 | Од муслиманите 7 души се Јуруци |
| 107 | ДЕСТЕМАЛИ, втор назив СМОКВА | — | — | — | 30 | — | Со исклучок на еден, сите други се Јуруци |
| 108 | СОФИЛАР(е) | — | — | — | 33 | — | Од овие 7 души се Јуруци |
| 109 | СТАНУЛОВЦИ | 60 | 3 | 24 | — | — | |
| 110 | СТЕПАНЦИ | 22 | 3 | 22 | 4 | — | |
| 111 | СТРМАШ | 69 | 2 | 27 | — | — | |
| 112 | СТРОВИЛАВЦИ | 68 | 8 | 56 | 7 | 2 | Од муслиманите двајца се Јуруци |
| 113 | СТРУГАНИЦА | 42 | — | 47 | 2 | — | Ова село треба да било во близината на селата Барбарево и Макреш |
| 114 | СТУПИЛЕ | 77 | 1 | 25 | 4 | — | |
| 115 | СУДИК | 35 | — | 11 | — | — | |
| 116 | СУХО ГРЛО, втор назив СЛАТИНА | 40 | 1 | 38 | — | — | |
| 118 | СУХО ГРЛО | — | — | — | 42 | 3 | Од муслиманите 30 души се Јуруци. Се наоѓа јужно од Штип, кај селото Степанци и Будимир |
| 119 | ТЕНОВЦИ (?) | — | — | — | 3 | — | Читањето не е сосема сигурно. Би требало да се наоѓа близу селото Филиповци |
| 120 | ТОПОЛНИЦА | 23 | — | 21 | 20 | 5 | Од муслиманите 7 души се Јуруци |
| 121 | ТАРАХИНЦИ, втор назив БЛАГУНОВО | 77 | 4 | 83 | — | — | |
| 122 | ТРОГЕРЦИ ГОРНО | 70 | — | 30 | — | — | |
| 123 | ТРОГЕРЦИ ДОЛНО | 45 | 2 | 45 | — | — | |
| 124 | ТРОХАЛЕ | 110 | 1 | 40 | — | — | Точно така е регистрирано |
| 125 | ТУШИЛОВО | 45 | 2 | 53 | — | — | |
| 126 | УБОГА | 52 | 5 | 48 | — | — | Точно така е регистрирано |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 127 | УЛАНЦИ | 60 | 4 | 22 | — | — | |
| 128 | УЉАРЦИ | 12 | — | 7 | 5 | — | |
| 129 | ХАМЗА БЕЈЛИ | — | — | — | 27 | 5 | Од муслиманите 16 се Јуруци. Во прашање е селото Амзабегово северо-западно од Штип |
| 130 | ХАЦИ АХМЕДЛИ | — | — | — | 18 | — | Од муслиманите 7 се Јуруци. Во географската карта е заведено како Хаџиматово, сев.-зап. од Штип близу селото Сарамзалино |
| 131 | Х'З'Р ФАЌИХ | — | — | — | 23 | 4 | Сигурно е во прашање селото Кадрифаково или Кадрафаково, сев.-зап. од Штип |
| 132 | ХРАНЧАНЦИ | 84 | 4 | 52 | — | — | Точно така е регистрирано |
| 133 | ЦРВУЛЕВО | 20 | — | 6 | 6 | 3 | |
| 134 | ЧАШИНЦИ | 43 | — | 8 | — | — | |
| 135 | ЧЕРКОВЦИ | 20 | — | 5 | 5 | — | Може да се прочита уште како Церковци или Црковци |
| 136 | ЧЕРНОВИШТЕ ГОРНО | — | — | — | 10 | 2 | Најверојатно е во прашање селото Горно Црнилиште, сев.-зап. од Штип |
| 137 | ШТАВКОЛИЦА | 21 | — | 16 | — | — | Точно така е регистрирано |
| 138 | гр. ШТИП | 283 | 12 | 115 | 449 | 46 | |
| | **ЏЕМАТИ (групи) НА ЈУРУЦИ:** | | | | | | |
| 1 | Џемат — ХАЏИ БЕЈЛЕР | — | — | — | 32 | — | Сите се Јуруци. Денес познато како село Аџибегово западно од Штип, близу селото Богословец |
| 2 | Џемат — КАРАМАНЛИ | — | — | — | 25 | — | Сите се Јуруци, населени во синорот на село Богословец |
| 3 | Џемат — БАЛКАНЛИ | — | — | — | 7 | — | Сите се Јуруци, населени во синорот на село Богословец |
| 4 | Џемат — ХАЏИ ХАЛИЛЕР | — | — | — | 9 | — | Од овие 6 мина се Јуруци. Населени биле во синорот на село Убога |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Џемат — ХАЏИ ЈУСУФ | — | — | — | 10 | — | Сите се Јуруци. Подоцна е создадено и село под овој назив |
| 6 | Џемат — КАРА СИНАНЛАР | — | — | — | 10 | — | Сите се Јуруци. Подоцна е создадено и село под овој назив |
| 7 | Џемат — ЕДЕКЛЕР | — | — | — | 4 | — | Јуруци. Во прашање е подоцнежното село Едеклерци, југозападно од Штип |
| 8 | Џемат — ХАЏИ ХАМЗАЛИ | — | — | — | 19 | — | Сите се Јуруци, населени во синорот на мезрата Топлица |
| 9 | Џемат — БЕКЕЛЛЕР | — | — | — | 9 | — | Јуруци населени во синорот на село Минино |
| 10 | Џемат — ДЕЛИЏИЛЕР | — | — | — | 9 | — | Јуруци населени во близината на село Минино |
| 11 | Џемат — ДУЈМУШЛАР (?) | — | — | — | 3 | — | Јуруци населени во близината на село Минино |
| 12 | Џемат — ТУРАСИЛЕР | — | — | — | 3 | — | Јуруци населени кај селото Минино |
| 13 | Џемат — ДОГУШЛАР | — | — | — | 22 | — | Јуруци населени во синорот на мезрата Смоквиште |
| 14 | Џемат — МИШИНО | — | — | — | 20 | — | Јуруци населени во синорот на мезрата Смоквиште |
| 15 | Џемат — ЕВРЕНОС ОГУЛАРИ | — | — | — | 14 | — | Јуруци населени во синорот на мезрата Мусаџа |
| 16 | Џемат — КАРАЛАР | — | — | — | 19 | — | Јуруци населени во синорот на мезрата Мусаџа |
| 17 | Џемат — КАРАЏА АЛИ | — | — | — | 23 | 1 | Од овие 14 души се Јуруци. Во прашање е подоцнежното село Караџалино, западно од Штип |
| 18 | Џемат — КАРАЏА АЛИ (повторно) | — | — | — | 15 | — | Сите се Јуруци, населени во мезрата Равишко, која се наоѓала кај селото Каштин (Каштел) |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Џемат — БЕКИРЛИ, втор назив ДОГУШЛАР | — | — | — | 23 | — | Сите се Јуруци. Подоцна е создадена постојана населба со назив Бекирли, југо-западно од Штип |
| 20 | Џемат — ЌОСЕЛАР | — | — | — | 11 | — | Сите се Јуруци. Подоцна познатото село Ќоселери западно од Штип |
| 21 | Џемат — ЈАМУРЛИ | — | — | — | 7 | — | Сите се Јуруци, населени во синорот на село Мало Скадалци, кое имало втор назив Добришани. Од овој џемат е создадена населбата Јамурлар, западно од Штип |
| 22 | Џемат — ТУРХАНЛИ | — | — | — | 28 | — | Од овие 24 души се Јуруци |
| 23 | Џемат — УСЛУЏА КАСИМ | — | — | — | 13 | — | Населени во мезрата Кокли Дере, втор назив Слани Дол |
| 24 | Џемат — ДУРФУЛ | — | — | — | 9 | — | Од овој џемат е создадена населбата Дорфулија западно од Штип |
| 25 | Џемат — ЏАШЛАРЛАР | — | — | — | 4 | — | Овие Јуруци биле населени во мезрата Топлица |